Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14 став1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/10, 8/14, 2/18 И 3/19), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.11.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Крива Паланка во**
**областа на спорт за 2020 година**

ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади во 2020 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

-Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Македонија и надвор од неа.

АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите ќе се насочуваат кон

-Изнаоѓање и имплементација на законски решенија кои имплицитно ќе влијаат врз дејноста спорт и физичка култура,

-Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации,

-Поттикнување и поддршка на програмите на спортските клубови ,

-Унапредување на училишниот спорт преку мотивиран стручен кадар,

-Обезбедување на расположливост на објектите за спорт во училиштата,

-Развивање на масовниот спорт,

-Подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2020 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извори донации | Вкупно |
| 1. | Стипендии за талентирани спортисти | 2020 година | Општина КриваПаланка | | | 477.000,00 | | 477.000,00 |
| 2. | Првомајски крос натпревар | 1.мај | Општина Крива Паланка и сите училишта | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Турнир во Пинг-Понг | По утврден календар | Понпонгарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 4. | Турнир во Кошарка | По утврден календар | Кошаркарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 5. | Турнир во тенис | По утврден календар | Тениски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 6. | Турнир во мал фудбал | По утврден календар | Фудбалски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 7. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 8. | Турнир во ракомет | По утврден календар | Ракометен клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 9. | Спортски натпревари за патрон празници на училишта | По утврден календар | Училиштата во соработка со Општина Крива Паланка | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 10. | Подршка на училишен спорт –училишни спортски клубови | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50. 000,00 |
| 11. | Набавка на спортска опрема и реквизити | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 25.000,00 | | 25 000,00 |
| | СЕ ВКУПНО денари | | | | | 852.000,00 | | 852.000,00 |

ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка спортските манифестации ќе ги помага и со:

-доделување награди и признанија;

-обезбедување стручна,  техничка и други видови помош.

**Бр.09-3567/15**
**2019 година**
**Крива Паланка**

**Советот на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**